# ПРОТОКОЛ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА СО ФИЗИЧКО ПРИСУСТВО ВО ООУ„ПАНАЈОТ ГИНОВСКИ“

ООУ „Панајот Гиновски” - Скопје во согласност со здравствените насоки и „Протокол за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2021/2022 година“ (МОН), изготви Протокол за работа на ООУ„Панајот Гиновски“ во услови на пандемија. Со протоколот за работа се регулира начинот на кој ќе се одржува наставата, влезот и излезот на учениците и вработените во училиштето, задолженијата и обрвските кои ги имаат учениците, родителите и вработените.

## Организација на наставниот процес

1. Наставниот процес во училиштето се одвива во период од 07:00 часот до 18:00 часот, во кој наставниците треба да бидат на располагање.
2. Наставниот процес во училиштето ќе се реализира во две смени со физичко присуство со следниов распоред:
    - Предметна настава од 7:30 – 13:00 часот
    - Одделенска настава од 13:30 – 18:00 часот
    - Целодневна настава од 08:00 – 15:00 часот
    - Дневен престој од 08:00- 13:30 часот.

3. **Распоред на доаѓање и влез во училиште:**
    - Учениците од VI – IX одд**. 7:10 – 7:25 часот**
    - VI, VII – влез 2
    - VIII, IX – влез 3
    - **Целодневна настава**
      I-2 – влез 1 – 7:30 часот
      II-2 – влез 1 – 7:30 часот
      III-2 – влез 1 – 7:30 часот
      IV-2 – влез 2 – 7:30 часот
      V-2– влез 2 – 7:30 часот
    - **Класична настава**
      I 1,3,4– влез 1– 13:30 часот
      II 1,3,4, III-1,2,3 – влез 2 – 13:30 часот
      IV-1,3,4 – V-1,3,4 влез 3 – 13:30 часот

влез1 (главен влез на училиштето)

влез 2 (десниот влез на училиштето)

влез 3 (фискултурна сала)

## Обврски на училиштето

1. За влез и за излез на учениците училиштето ги става во функција сите влезови/излези на училишната зграда (1 главен влез/излез и 2 споредни влезови/излези). Училиштето изготвува распоред за влез/излез со различно време на влегување и излегување на учениците за секоја паралелка и го истакнува на видни места во училиштето.
2. На влезот од училиштето, во ходниците и училниците се поставуваат едукативно-информативни материјали, насоки за заштита на здравјето и безбедноста во училиштето и средства за дезинфекција на раце.
3. На сите вработени, на учениците и странките им се мери телесна температура пред влезот на училиштето и во случај на зголемена температура (над 37°) се упатуваат кај матичен лекар.
4. Површините и предметите кои почесто се изложени на допир од страна на вработените во училиштето и учениците се дезинфицираат на почетокот и на крајот на секоја смена, а најмалку два пати на ден.
5. Училиштето изготвува листа на сите површини што треба редовно да бидат чистени.
6. Чистењето на училниците се врши пред почетокот на наставата, за време на големиот одмор доколку учениците се во училишниот двор и по завршување на сите училишни активности, со вода и сапун/детергент и со дезинфекциско средство што дејствува на вируси според упатство на производителот.
7. Тоалетите треба да бидат функционални заради овозможување услови за почесто миење на рацете со проточна вода и сапун и почесто се чистат со задолжително водење евиденција за спроведеното чистење и дезинфекција со средство кое дејствува на вируси според упатство од производителот, алтернативно може да се користи 0,05% натриум хипохлорит (5% белило за домаќинство кое се користи во размер 1:100) или 70% алкохол за дезинфекција на горни површини.
8. Холовите, скалите и останатите заеднички простории се чистат почесто, додека учениците се на настава и по завршувањето на сите училишни активности.
9. Чистењето на фискултурната сала, спортските игралишта и соблекувални и другите помошни простории се врши веднаш по користењето од страна на секоја група ученици.
10. Училиштето воведува систем за еднонасочно и контролирано движење на учениците низ просториите и ограничување на бројот на лица кои истовремено се присутни во соблекувалните.
11. Просториите задолжително се проветруваат по секој наставен час, најмалку половина час пред пристигнување и по заминувањето на учениците.
12. Директорот на училиштето има определено лица од вработените кои на одредени места ќе бидат во улога на контролори и воедно ќе можат да им помогнат на оние ученици што имаат прашања и им е потребна поддршка да ги разберат мерките за нивна заштита.

13. Се избегнува влегување на други лица (на пример, за чистење, поправка или внесување храна) во училниците сѐ додека учениците се наоѓаат во нив, како и влегување во училишната зграда на лица кои не се вработени во училиштето или деца кои не се ученици на нашето училиште.
14. Испораките за потребите на училиштето ги превземаат надлежните вработени во училиштето од споредниот влез бр.2, а главниот влез е дозволен само за сервисерите и другите служби чии услуги се неопходни (на пр. спроведување на превентивни и антиепидемични мерки, како што се проверка на вода за потрошувачка, безбедност на храна и др.) со задолжително почитување на мерката за дезинфекција на рацете, носење заштитна маска/прекривка и доколку е потребно носење заштитници за обувките.
15. Доколку во училиштето се појави заболен од Ковид-19 или лице кое имало контакт со лице заболено од Ковид-19, ученикот или вработениот треба да се изолира во посебна просторија со задолжително носење заштитна маска/прекривка, а директорот треба да воспостави комуникација со Центарот за јавно здравје за добивање понатамошни насоки за постапување. Епидемиолошката служба во Центарот за јавно здравје итно треба да направи анкета со наставниците и учениците за процена на степенот на ризик врз основа на контактите што ги имале. За превземените активности училиштето доставува извештај до Општина Бутел, а општината до Министерството за образование и наука.

## Обврски на наставниците

1. На секој влез од училиштето учениците ги пречекува дежурен наставник, кој им мери телесна температура на учениците, се грижи учениците да ги дезинфицираат обувките и рацете, односно им помага на учениците да ги дезинфицираат рацете со дезинфекциско средство.
2. Вработените при влезот во училиште задолжително ги дезинфицираат обувките и рацете.
3. Првиот ден од наставата започнува со упатства за учениците за тоа како правилно и безбедно да се однесуваат, да одржуваат физичко растојание, хигиена на рацете и заштита на сопственото здравје, но и здравјето на останатите ученици и вработените во училиштето.
4. Се забрануваат поздравувања со физички контакт за вработените во училиштето и меѓу учениците.
5. За време на наставата и одморите со учениците задолжително е присутен одделенскиот наставник и се грижи за почитување на физичката дистанца од најмалку 1,5 метар помеѓу учениците.
6. Меѓусебното споделување информации и работните состаноци во училиштето ќе се изведуваат со употреба на видео-конференциска врска.

7. За време на наставата во училницата, доколку дозволуваат временските услови, се остава отворен прозорец. Во училницата се избегнува употреба на уреди за климатизација и вентилација.
8. Ако ученик развие симптоми на Ковид-19 додека е во училиште, наставникот/стручниот соработник го изолира ученикот во посебна просторија со задолжително носење заштитна маска/прекривка и ракавици, а потоа веднаш ги известува родителите/старателите на ученикот, кои во најкраток временски период треба да го земат детето со цел консултација и натамошни активности со матичниот лекар на ученикот.
9. Комуникацијата со родителите/старателите се одвива преку телефон или преку некоја онлајн-апликација.
10. Користењето на спортската сала, библиотеката и други простории треба да биде од група ученици од иста паралелка, притоа нема можност за мешање на повеќе ученици од различни паралелки (на пр. за време на еден наставен час, една паралелка е во фискултурната сала, а две паралелки се надвор во училишниот двор на спортските терени).
11. Преминувањето низ заедничките простории треба да се организира така што додека учениците и наставниците од една паралелка поминуваат во исто време, учениците и наставниците од другите паралелки го чекаат својот ред, притоа укажувајќи им на учениците да не допираат површини или предмети во просторот каде што се движат.

## Обврски на родителите/старателите:

1. Родителот/старателот е должен секој ден пред поаѓање на училиште да му мери телесна температура на детето, а во случај на покачена телесна температура (над 37°) не смее да го донесе детето во училиште, туку треба да се јави на телефон на наставникот/одделенскиот раководител на паралелката. Децата со знаци на други заразни болести исто така не смеат да доаѓаат на училиште.
2. Родителите/старателите ги испраќаат учениците до назначениот влез на училиштето и се забранува нивно влегување во училиштето, освен за родителите/старателите или образовните/личните асистенти на учениците со посебни образовни потреби, со задолжително носење маска/прекривка на лицето, што наведено е во протоколот за основните училишта.
3. Учениците носат оброк/храна од дома или доколку е можно за организација, оброкот што го обезбедува училиштето треба да биде соодветно спакуван или готов производ, притоа водејќи сметка за стандардите и нормативите за исхрана за оваа категорија на деца. Дозволено е носење пакувана храна, овошје (измиено од дома) и течност во шише (вода, чај, сок).

# Обврски на учениците

1. Учениците при влегување во училиште и при престој во училиште задолжително ја почитуваат мерката за физичка дистанца од најмалку 1,5 метар и носат заштитна маска/покривка на лице, освен кога се на отворено во училишниот двор со одржување на препорачаната дистанца.
2. Учениците доаѓаат и одат сами на училиште, во придружба на родител/старател или образовен/личен асистент.
3. Се забрануваат физички контакти помеѓу учениците.
4. Употребата на тоалетите се организира на начин што ќе овозможи присуство на најмногу по двајца ученици и запазена дистанца (ученикот треба да чека надвор од тоалетот додека да излезе ученикот кој е внатре).
5. Учениците го консумираат оброкот во училницата во која реализираат настава и само тогаш им е дозволено да ја отстранат маската/прекривката од лице во училница.
6. Учениците ги мијат рацете пред и по јадење, пред и по употреба на тоалет, пред и по доаѓање однадвор и кога рацете изгледаат валкани.